Бр. 12 - 2253/9
08.11.2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), постапувајќи по пријава поднесена од подносителот --------------- на ден 04.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 23-та седница одржана на 1 ноември 2019 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од подносителот ------------------, на ден 04.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-2253/1 од 04.04.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконити дејствија преземени од државните ревизори ---------- и -----------------, вработени како овластени државни ревизори во Државниот завод за ревизија, поврзани со принудување на сметководителите да присуствуваат/учествуваат на нивните стручни семинари/советувања, кои ги одржуваат во организација на Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија - -----.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2253/1 од 04.04.2019 година, поради непотврденост на наводите во пријавата во однос на лицето ------------- и променета фактичка состојба на статусот на лицето -------------.

Предметот со број 12-2253/1 од 04.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2253/1 од 04.04.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – -----------------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконити дејствија преземени од државните ревизори -------------------------, вработени како државни ревизори во Државниот завод за ревизија, поврзани со "рекетирање" на сметководителите да присуствуваат на нивните стручни семинари, кои тие ги одржуваат преку Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија- ----------. Во пријавата се наведува дека лицето -------------- членува и во раководните органи на Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија- ---------- и дека тој ја користи оваа функција и моќ да ги убедува државните органи, јавните установи и јавните претпријатија да ги посетуваат неговите семинари и советувања кои ги одржува неколку пати во текот на годината во земјата и во странство.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите содржани во пријавата,ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации до Здружението за финансиски работници на локалните самоуправи и јавните претпријатија со број 12-2253/3 од 06.08.2019 година со кое побара да достави целосна информација во која ќе бидат содржани податоци за тоа во кое својство лицата ------------- одржуваат семинари и советувања во организација на Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија – ------; податок за бројот на семинари и советувања кои се одржани од страна на посочените лица во изминатите 5 години (податок за секоја година одделно); податоци за секое одржано советување и семинар од лицата ---------- – податок за бројот на лица кои присуствувале на семинарите/ советувањата кои биле одржани од овие лица, и податоци од кои државни институции биле присутните на овие семинари/советувања и податоци за износот на финансиски средства што им е исплатен на овие две лица поединечно за секое одржано советување/семинар во последните 5 години.

Од Здружението за финансиски работници на локалните самоуправи и јавните претпријатија–Велес беше доставен одговор со прилог барана документација со број 12-2253/6 од 08.10.2019 година.

Со цел проверка на основаноста на наводите во пријавата, ДКСК изврши увид во историјатот од Централниот регистар на Р.Северна Македонија, од каде констатира дека лицето ------------ е основач на Здружението за финансиски работници на локалните самоуправи и јавните претпријатија-------, дека со текот на времето бил и во раководните структури на истото, и дека како овластен државен ревизор реализирал обуки за вработените во јавниот сектор.

ДКСК при увидот во доставената документација утврди дека лицето -----------, како овластен ревизор, во рамките на неговите службени овластувања како овластен државен ревизор од Државниот завод за ревизија во повеќе јавни институции, буџетски корисници вршел надзор на нивното материјално и финансиско работење и во исто време, преку здружението, во долг временски период – од неговото основање (што е видно од историјатот на Централен регистар на РСМ од 2006 година како овластено лице се до 2019 година) спроведувал обуки на вработените од тие институции, што е видно од документите што се добиени -листите на учесници на обуките што ги спроведувал именуваниот, со што бил во состојба на судир на интереси.

Во однос на интегритетот и постапувањето на овластените државни ревизори, треба да се имаат во предвид и меѓународните стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) кои се издаваат од страна на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (INTOSAI), во делот на Барањата на ниво на вработени на Врховните ревизорски институции (ВРИ), "Вработените на ВРИ треба да постават добар пример, постапувајќи чесно, доверливо, со добра волја и според јавниот интерес. Во текот на работењето, вработените треба да бидат доверливи. Тие треба да се придружуваат кон политиките и стандардите утврдени од страна на организацијата."

Во текот на постапувањето на ДКСК по овој предмет, ДКСК беше известена дека на лицето -------- му престанал работниот однос во Државниот завод за ревизија, со што истовремено му престанал и статусот на овластен државен ревизор.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Без оглед на променетата фактичка состојба предизвикана со престанокот на работниот однос на лицето ----------------- во Државниот завод за ревизија, од увидот во доставената целокупна документација ДКСК констатира дека именуваниот, што значи немање основ за утврдување на состојба на судир на интереси на лицето ----------- во времето кога бил вработен во Државниот завод за ревизија, во рамките на своите службени активности вршел ревизорски надзор во повеќе јавни институции согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, додека од друга страна преку неговото здружение - Здружението за финансиски работници на локалните самоуправи и јавните претпријатија, каде бил основач и во неговите раководни структури, одржувал редовни обуки на вработени лица во истите тие институции каде вршел ревизорски надзор, што јасно укажува на постоење на состојба на судир на интереси.

Имено, согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
„Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".

Исто така, согласно членот 50 став 1 и 2 од истиот закон:
„(1) Службено лице не смее да ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.
(2) Обврската од ставот (1) на овој член останува во рок од три години од денот на престанокот на функцијата, односно должноста, освен ако со закон е утврдено поинаку".

Што се однесува на другото посочено лице во пријавата, ------------, овластен државен ревизор, вработен во Државниот завод за ревизија, од увидот во приложената документација ДКСК констатира дека исто така тој бил ангажиран како предавач/обучувач од страна на Здружението за финансиски работници на локалните самоуправи и јавните претпријатија-----. Именуваниот во 2013 година се обратил со барање за мислење до ДКСК со кое побарал мислење од ДКСК за тоа дали постои судир на интереси доколку како помошник главен државен ревизор се јави и во улога на предавач /експерт на семинари и работилници организирани од приватни субјекти (НВО, ЗГО) на кои учествуваат буџетски корисници од централната и локалната власт. ДКСК со допис со број 09-928/4 од 02.04.2013 година го известила дека ДКСК согласно своите надлежности утврдени во Законот за спречување судир на интереси, кој важел во тоа време, не утврдила состојба на судир на интереси, односно дека именуваниот може да учествува на семинари и работилници на кои ќе ги изнесува своите лични ставови. Воедно ДКСК му укажала дека секогаш дејностите кои не се поврзани со неговите редовни работни должности во Државниот завод за ревизија треба да ги извршува на начин да истите немаат никакво влијание на непристрасното извршување на јавните овластувања и должности, на кое укажување ДКСК останува и понатаму.

По утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, ДКСК констатира дека со престанок на работниот однос на лицето ---------- во Државниот завод за ревизија му престанал статусот на овластен ревизор со тоа му престанала и можноста за вршење на ревизорски надзор во јавни институции што довело до променета фактичка состојба во конкретниот случај. Во однос на другото посочено лице ------------ ДКСК дала свое мислење дека во конкретниот случај не постои состојба на судир на интереси.

Бр. ________

________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено на ден 01.11.2019 година по број 12-2253/8

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**



Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата

Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3215 377
www.dksk.mk